Врз основа на член 67 став (1) точка 2. потточка 2.2. и член 156 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10 јуни 2026 година донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на Правила за изменување и дополнување на Правила за доделување на меѓузонскиот капацитет за користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање на АД МЕПСО Скопје**

1. Со оваа одлука се одобруваат Правилата за изменување и дополнување на Правилата за доделување на меѓузонскиот капацитет за користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање на АД МЕПСО Скопје, Оператор на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје.

2. Се задолжува Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје, Правилата од точка 1 на оваа одлука да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на неговата веб страницата.

3. Оваа одлука се доставува до Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) одобрува, правила, планови и програми донесени од соодветните оператори.

Согласно член 156 став (2) од Законот за енергетика* Операторот на електропреносниот систем изготвува и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, донесува правила со кои ги уредуваат постапките за доделување на меѓузонскиот капацитет за да овозможи користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање при што особено ги зема предвид:

1.карактеристиките на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и пазарот за балансна енергија;

2. оперативните услови во електроенергетскиот систем и последиците при порамнување на потврдените распореди и

3. усогласеноста на процентните вредности доделени на различни временски рамки и временските рамки усвоени за различните механизми за доделување на меѓузонски капацитети кои се веќе воспоставени.

Регулаторната комисија за енергетика на 30 април 2026 година донесе Одлука за одобрување на Правилата за доделување на меѓузонскиот капацитет за користење на капацитетот на пазарот ден-

однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање на АД МЕПСО Скопје, бр. 12-655/3 од 30 април 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 92/26)

Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје (во натамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), на 8 јуни 2026 година АД МЕПСО Скопје со допис бр. 09-3496 од 8 јуни 2026 година заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-912/1 од 8 јуни 2026 година достави текст на Правилата и Одлука на Управниот одбор бр. 02-3495/3 од 8 јуни 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика достави свои забелешки на предложените измени и дополнувања по што АД МЕПСО Скопје со допис бр.09-3531 од 9 јуни 2026 година заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-912/2 од 10 јуни 2026 година достави текст на Правилата со имплементирани забелешки и Одлука на Управниот одбор бр. 02-3530/4 од 9 јуни 2026 година

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-912/3**
**10 јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

Прилог:

- Правила за изменување и дополнување на Правилата за доделување на меѓузонскиот капацитет за користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање на АД МЕПСО- Скопје